ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 45-6023/1
Датум: 22.08.2023
Скопје

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РМ бр. 32/20), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 55, 56, 57 од Статутот на Општина Карпош го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

## За организирање на јавен увид на изработен Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на затворен склад за индустриска стока, специјализиран за логистика при транспорт на КП 658 и КП 659 КО Бардовци Општина Карпош

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на затворен склад за индустриска стока, специјализиран за логистика при транспорт на нова градежна парцела на КП 658 и КП 659 КО Бардовци, Општина Бардовци е со површина од 4028.83 м2 (4.03ха), Проектниот опфат зафаќа земјиште во КО Бардовци.

Предмет на изработка ќе биде оформување на нова градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти до оформената градежна парцела, и формирање на регуларен пристап до локацијата, и во рамки на опфатот зафаќа површина од 4.03 ха.

До проектниот опфат се пристапува преку постојниот локален пат на КП 1673, КО Бардовци од источната страна на проектниот опфат.

Границите на проектниот опфат се следните:

Од север: По граница на КП 657/2

Од североисток: по граница на КП 1673

Од Југ: по граница на КП 662/3 , продолжува по граница на КП 662/1, продолжува по граница на КП 663.

Од запад: по граница на КП 660

Границата на опфатот формира површина од 4028.83 м2 (4.03ха)

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Карпош.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на затворен склад за индустриска стока, специјализиран за логистика при транспорт на нова градежна парцела на КП 658 и КП 659 КО Бардовци, Општина Бардовци, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната веб страна на Општина Карпош: https://karpos.gov.mk/

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението започнувајќи од 23.08.2023 година. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

Изготвил:
Марија Л. Младеновска, диа

Раководител на Одделение,
Гордана Силјаноска, диа